Врз основа на член 46 став (3) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево на ден 11.12.2024 година објавува

# СООПШТЕНИЕ

**Се известуваат граѓаните и правните лица на територијата на Општина Чучер Сандево дека се распишува**

## ЈАВЕН ПОВИК

**За пријавување на заинтересирани лица за членување во Партиципативното тело на Општина Чучер Сандево од областа на урбанизмот**

Се повикуваат сите заинтересирани лица, претставници на невладините организации од различните сегменти на урбаниот живот, здруженија на граѓани и граѓански активисти од подрачјето на општина Чучер-Сандево што ги претставуваат различните групи на граѓани, како и граѓани што се стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и другите стручни области суштествени за планирањето и одржливиот развој на урбаното и руралното подрачје на општината, да се пријават за членови на Партиципативното тело на општина Чучер-Сандево од областа на урбанизмот.

**Јавниот повик е распишан за периодот од 11.03.2025 година до 11.04.2025 година.**

Партиципативното тело на општина Чучер-Сандево ги претставува сите различни интереси и интересни групи во општината и ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и правните лица, ги следи состојбите во планирањето преку давање иницијативи, насоки и сугестии за изготвување на плански решенија и во постапката за изработување и донесување на плановите ги разгледува планските програми и планските решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија.

Партиципативното тело има право да расправа за сите работи од надлежност на единицата на локалната самоуправа и може да влијае на планските решенија и политиките на просторен развој, преку презентирање на своите мислења на советот на општината.

**Услови за пријавување:** Пријава по овој јавен оглас можат да поднесат сите заинтересирани лица кои се претставници од урбаните и месните заедници, претставници на невладините организации од различните сегменти на урбаниот живот, здруженија на граѓани и граѓански активисти од подрачјето на општината што ги претставуваат различните групи на граѓани, како и граѓани што се стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и другите стручни области суштествени за планирањето и одржливиот развој на општината.

**Документи кои се поднесуваат:**

1. Пријава за член на партиципативно тело на општина Чучер-Сандево (образецот е во прилог на повикот),
2. Кратка автобиографија,
3. Изјава за давање согласност за заштита на лични податоци (образецот е во прилог на повикот),
4. Изјава за прифаќање на условите по овој повик (образецот е во прилог на повикот).
5. Релевантен писмен доказ за исполнување на условите за учество од точка 2 на огласот (копија)

**Рок и место на поднесување на пријави:** Пријавите по јавниот оглас со комплетната документација можат да се поднесат преку пошта на адреса: Општина Чучер-Сандево,ул.„4" бр.6 с.Кучевиште во рок од 30 дена од денот на објавување на јавниот повик или лично да се достават до архивата на општината.

Истите треба да содржат контакт информации (име и презиме, адреса и контакт телефон), како и кратко образложение за начинот на кој заинтересираното лице смета дека ќе придонесе во работата на Партиципативното тело. Лицата чии што пријави ќе бидат прифатени, ќе бидат назначени за членови на Партиципативното тело и за истото ќе бидат известени во писмена форма.

**Обврски на членовите на партиципативното тело:** Партиципативното тело заседава најмалку еднаш на два месеци и има консултативна улога во постапката за изработување и донесување на урбанистички планови, особено ја разгледува планската програма во фаза пред таа да му биде предложена на градоначалникот за одобрување, како и урбанистичкиот план во фаза на урбанистичко планско решение пред да биде дадено на стручна ревизија.

Работата на партиципативното тело е јавна. Согласно одредбите на Законот за урбанистичко планирање, членовите на Партиципативното тело не ги следува надоместок за учеството во неговата работа. Начинот на работа и бројот на членови на партиципативното тело се уредуваат во Деловникот на партиципативното тело што го донесува Советот на единицата на локалната самоуправа, при што бројот на граѓански членови на партиципативното тело што се пријавиле на доброволна основа не е ограничен.

Број 11-463/3
од 06.03.2025 година
Чучер-Сандево

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
Сашко Комненовиќ